## Услови за учество на конкурсот:

На конкурсот на Колонијата и изложбата можат да учествуваат деца од 4 до 18 годишна возраст;

Темата на конкурсот е слободна, при што се дозволени сите формати, материјали и техники;

Творбите се испраќаат колективно, а колекцијата не смее да биде помала од 20 творби;

Ликовните творби од конкурсот не се враќаат и остануваат во трајна сопственост на Студиото и се чуваат во посебна збирка;

На секоја творба треба да бидат запишани следните податоци: име и презиме на авторот, возраст, пол, училиште,име на ликовниот педагог, град и држава со **печатни букви.**

## НАГРАДИ:

**"Гран при"** највисоко признание на **"Малиот битолски Монмартр"** за најдобра испратена колекција на конкурсот;

**Специјална колективна награда** за континуирано успешно учество на конкурсот;

**Специјална награда** за поединечна континуирана успешна работа;

**35 – 40 колективни награди – учество на Колонијата.** Секоја екипа ќе биде претставена со 3 ученици и 1 ликовен педагог;

**30 награди за најдобра колекција** на XXV изложба "Битола 2007";

**80 "златни палети"** за најдобри поединечни остварувања на изложбата;

**200 дипломи** за поединечни остварувања на изложбата;

**Награда** од Министерството за надворешни работи на Р.Македонија за најдобар поединец на Колонијата;

**Награда** од градот Битола за најдобра колекција на Колонијата;

Награда **"Директно учество на Колонијата "Битола 2008"** (за 10 ученици)".

Сите училишта и ликовни педагози – учесници на конкурсот добиваат благодарници за учество.

Учесниците на Колонијата творат низ улиците на Битола, а по еден ден творат Охрид и Крушево во рамките на Ликовниот карван што традиционално се одржува во рамките на Колонијата, сликајќи ја Староградската македонска архитектура.

Екипата – учесник на Колонијата да нема учесник помал од 12 години.

Комплетниот ликовен материјал и работна облека за работа на Колонијата го обесбедува организаторот.

Сместувањето на учесниците е во хотел "Епинал" – Битола и паѓа на товар на организаторот. Превозот до Битола и назад го сносат самите учесници на Колонијата.

**КРАЈНИОТ РОК ЗА ИСПРАЌАЊЕ НА ТВОРБИТЕ Е 20 ФЕВРУАРИ 2007 ГОДИНА.**

Наградите на добитниците ќе им бидат своерачно врачени на 23 мај 2007 година, спроти патрониот празник на Студиото "Св. Кирил и Методиј".

**Резултатите од меѓународниот конкурс ќе бидат соопштени најдоцна до 20 март 2007 година.**

Творбите се испраќаат на следната адреса: **ДЕТСКО ЛИКОВНО СТУДИО "Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"**; **ул. ДАЛМАТИНСКА 18**
**7000 БИТОЛА - МАКЕДОНИЈА** со назнака "за конкурсот **"Битола 2007"**.

Поопширни информации за конкурсот заинтересираните можат да добијат на:

**++ 389 47 235 184**
**Е-маил: malbitmo@mt.net.mk**